**20181703107**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 22 став (3) од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/14 и 106/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4.9.2018 година, донесе

**Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А**
**ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА 2018 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се уредува хармонизација на националното со европското законодавство во областа на просторните податоци, промоцијата на националната инфраструктура на просторни податоци, креирањето на метаподатоци, хармонизацијата и стандардизацијата на просторните податоци и услуги.

II

Активностите за остварување на Годишната програма за националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП) се:

**II.1. Хармонизација на националното со европското законодавство**

Во Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија е транспонирана европската директива INSPIRE (2007/2/ЕС). За целосна хармонизација на националното со европското законодавство, се планирани следните активности:

| Р.бр. | Активност |
|---|---|
| 1 | Подготовка на Уредба за метаподатоци |

**II.2. Подигнување на јавната свест и разбирање на визијата, концептите и придобивките од НИПП**

За подигнување на јавната свест се планирани следните активности:

| Р.бр. | Активност |
|---|---|
| 1 | Одржување две работилници со субјектите во НИПП со цел понатамошна промоција на НИПП во нивните институции |
| 2 | Изработка и печатење на Прирачникот за оперативна имплементација за НИПП |
| 3 | Изработка и печатење на флаер за НИПП |

**II.3. Креирање метаподатоци**

За креирање метаподатоци за просторните податоци, на националниот геопортал е поставена веб-алатка уредувач на метаподатоци која е достапна за користење за сите субјекти на НИПП. Креираните метаподатоци директно се сместуваат во каталогот за метаподатоци.

| Р.бр. | Назив на институција | Активност-креирање метаподатоци за: |
|---|---|---|
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | -железничка мрежа во размер<br>-мали објекти во размер<br>- класификација на земјиште |
| 2 | Агенција за планирање на просторот во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање | -Просторен план на Република Македонија<br>-Просторен план на заштитените зони на изворот Рашче<br>-Просторен план на Охридско-преспанскиот регион<br>-Просторен план на регионот на сливот на река Треска |
| 3 | Државен завод за статистика | -население според главните возрасни групи (од 14,15-64, над 64 години), по региони<br>-население по пет годишни возрасни групи, по региони |
| 4 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | -ортофото карта (колор)<br>- дигитален модел на терен<br>- земјишна покривка согласно критериумите на СИЗП |

**II.4. Хармонизација и стандардизација на просторните податоци**

Националниот геопорталот обезбедува пристап до широка палета референтни и тематски податоци согласно член 5 од Законот на националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија, кои се сообразни со INSPIRE. Со оглед на фактот дека на геопорталот се достапни четири збирки на податоци и услуги, во 2018 ќе се одвиваат активности за стандардизација на податоците и услугите наведени во следната табела:

| Р.бр. | Назив на институција | Активност-хармонизација и стандардизација според INSPIRE на: |
|---|---|---|
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | -Сообраќајна мрежа<br>- Ортофото карта |

**II.5. Изработка на веб сервиси и нивно публикување на НИПП националниот геопортал**

Националниот геопорталот обезбедува пристап до широка палета референтни и тематски просторни податоци. Со оглед на фактот на геопорталот се достапни веб услуги за четири збирки на податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, две од Центарот за управување со кризи, една од Геолошкиот завод и една од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, во 2018 ќе се одвиваат активности за изработка и објавување на веб услуги за збирките на податоци наведени во следната табела:

| Р.бр | Назив на институција | Активност-изработка на WMS веб сервиси и нивно публикување на НИПП геопорталот на: |
|---|---|---|
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | -Сообраќајна мрежа<br>- Ортофото карта |
| 2 | Агенција за планирање на просторот во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање | -Просторен план на Република Македонија<br>-Просторен план на заштитените зони на изворот Рашче<br>-Просторен план на Охридско-преспанскиот регион<br>-Просторен план на регионот на сливот на река Треска |
| 3 | Државен завод за статистика | -население според главните возрасни групи (од 14,15-64, над 64 години), по региони<br>-население по пет годишни возрасни групи, по региони |
| 4 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | -ортофото карта (колор)<br>- дигитален модел на терен<br>- земјишна покривка согласно критериумите на СИЗП |
| 5 | Центар за управување со кризи | Промена на SEVIRI услугата со VIRS |

**II.6. Создавање технички предуслов**

За реализација на програмските цели како технички предуслов се планираат следните активности:

| Р.бр. | Активност |
|---|---|
| | |
| 1 | Одржување и надградба на националниот НИПП геопортал во Агенцијата за катастар на недвижности |
| 2 | Воспоставување на ГИС портал во Министерството за одбрана |

III

Финансиските средства за реализација на активностите предвидени во оваа програма се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во рамките на предвидените средства за секоја институција и се прикажани во следната табела:

| Назив на институција | Програма | Ставка | Износ на финансиски средства во денари |
|---|---|---|---|
| Агенција за катастар на недвижности | 2А | 485230 | 7.900.000,00 |
| Државен завод за статистика | 20 | 425 | 60.000,00 |
| Министерство за одбрана | 1А | 480 | 3.000.000,00 |
| Центар за управување со кризи | 20 | 485230 | 50.000,00 |

Финансиските средства за реализација на активностите предвидени во оваа програма се обезбедени и од сопствените финансиски средства на Агенцијата за просторно планирање во висина од 1.492.000,00 денари и дел од средствата од проектот ИПА ТАИБ 2012 (No.Europe Aid/137754/IH/SER/MK компонента 2.1. Надградба на информатичкиот систем за земјишни парцели) во висина од 360.000,00 денари за реализација на активностите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6278/1
4 септември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.